**20241983423**

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 35 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.283/23 и 169/24), член 7 ставови (3) и (4) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.152/19, 244/19, 275/19, 110/21, 123/22 и 65/23), член 79 став 2 од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 27/20 и 56/21), член 14 од Законот за виното (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.74/24) и член 59 од Законот за зоотехника (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.87/23), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 септември 2024 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2024 ГОДИНА

I

Во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.143/24) делот I се менува и гласи:

„Средствата за финансиска поддршка во земјоделството за 2024 година во вкупен износ од 7.075.566.340,00 денари, обезбедени согласно Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.283/23 и 169/24) раздел 140.04, програма 2, потпрограма 20, ставка 464-разни трансфери ќе се користат според следните мерки:

„

| Број на мерка | Мерки за поддршка на доходот на земјоделските стопанства | Вкупен износ на мерката во денари |
|---|---|---|
| 1. | Директни плаќања за растително производство | 1.500.000.000,00 |
| 2. | Директни плаќања за сточарско производство | 1.000.000,00 |
| Мерки за дополнителна поддршка за развој на земјоделство (државна помош во земјоделството) | | |
| 3. | Помош во премии и осигурување | 100.000,00 |
| 4. | Помош за заштита на земјоделското земјиште | 1.000,00 |
| 5. | Помош за одделни категории носители на земјоделски стопанства | 1.000,00 |
| 6. | Помош во сточарскиот сектор | 20.000.000,00 |
| 7. | Финансиска поддршка за складирање на пченица и јачмен од домашно производство од род 2024 година | 1.000,00 |
| 8. | Помош за поддршка на трошоци за набавка на горива за земјоделска механизација за земјоделски стопанства | 422.000.000,00 |
| 9. | Помош за вршење на земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за производство (ПОМ) | 1.000,00 |
| 10. | Материјални трошоци за спроведување на оваа програма | 15.000.000,00 |
| 11. | Заостанати обврски по мерки од Програмите за финансиска поддршка во земјоделството од 2020, 2021, 2022 и 2023 година | 5.117.462.340,00 |
| | Вкупно | 7.075.566.340,00 |

“.

“

II

Во делот VIII во ставот 2 по зборовите „1 септември 2024 година“ се додаваат зборовите „како и до 15 септември 2024 година“.

III

Во делот XII износот „3.949.462,340,00“ се заменува со износот „5.117.462.340,00“.

IV

Во делот XIV во ставот 6 зборовите „15 септември 2024 година“ се заменуваат со зборовите „30 септември 2024 година“.

V

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-8173/5
3 септември 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна
Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.